# Службен весник на Република Македонија

**Број 79** **25 јуни 2012, понеделник** **година LXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2114. | **Одлука** за огласување избор на член на Државната изборна комисија……………... | 1 |
| 2115. | **Одлука** за давање согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на ЈП Македонијапат – Скопје од страна на Агенцијата за државни патишта……………………….. | 2 |
| 2116. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија…………………………... | 2 |
| 2117. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување……………………………… | 2 |
| | **Огласен дел**........................................................................................................... | 1-60 |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2114.**

Врз основа на членот 26 ставови (1) и (4) и членот 27 ставови (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 44/11 и 51/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 јуни 2012 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на член на Државната изборна комисија.

2. За член на Државната изборна комисија може да биде избрано лице кое ги исполнува условите од членот 27 став (1) од Изборниот законик:

- да е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија,

- да е дипломиран правник со најмалку осум години работно искуство како правник и
- да не е член на орган на политичка партија.

3. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од членот 27 став (1) од Изборниот законик и кои поднеле изјава до Комисијата за верификација на фактите согласно со Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2008, 64/2009 и 24/2011), пријавите со потребните документи за докажување на исполнувањето на условите, во оригинал или заверена копија на нотар, да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од осум дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весниците „Дневник“, „Вечер“ и „Лајм“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2896/1
20 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,**с.р.

---

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2115.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 2/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 6/2012 година), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЈП МАКЕДОНИЈАПАТ – СКОПЈЕ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на ЈП Македонијапат – Скопје од страна на Агенцијата за државни патишта, бр.02-317/2-1 од 14.6.2012 година, донесен од Управниот одбор на ЈП Македонијапат – Скопје, на седница одржана на 14.6.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4572/1
16 јуни 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2116.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010), на ден 21.6.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Миќо Гајдаџиев, судија на Основен суд Тетово, со навршување на 64 години на 25.5.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето 21.6.2012 година.

Бр. 07-1057/12
25 јуни 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафироска,** с.р.

---

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**2117.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), и член 95 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 54/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18.6.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 133/2011, 5/2012 и 29/2012), во членот 1 образецот со реден број 11 – Предлог за оцена на привремена спреченост за работа над 15 дена (образец-ПСР) се заменува со нов образец.

По образецот со реден број 25 се додава нов образец Р4 – Барање за надомест (рефундација на средства) за ортопедски и други помагала,

Обрасците од став 1 и 2 на овој член се дадени во прилог на оваа одлука и се нејзин составен дел.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-10428/23
18 јуни 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.

ФЗОМ -Образец - ПСР

____________________________
Здравствена установа

____________________________
Работна единица

Број на лекарски дневник ________

ДО

**ПРВОСТЕПЕНА/ВТОРОСТЕПЕНА ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА НА ФОНДОТ**

# П Р Е Д Л О Г

## ЗА ОЦЕНА НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

____________________________________________________
Презиме, име на родител/старател и име на осигуреникот

____________________________________________________
Адреса

|_|_|_|_| - |_|_|_|_|_|_|_|_| - |0|0|
Број на здравствена легитимација

|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
Единствен матичен број

|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
Единствен здравствен број на осигуреникот

|_|_|
Основ на осигурување

|_|_|_|_|_|_|_|
Број на здравствен картон

Вработен во __________________________________ Од __________
Назив на обврзникот за уплата на придонес Дата

Прв ден на спреченост на работа ______________________________________

Анамнеза ______________________________________

Сегашна здравствена состојба на болниот, статус и наод од доктор специјалист,останати наоди: ............................

..........................................................................................................................................................

..........................................................................................................................................................

1. Лабораториски наоди
2. РТГ
3. Извештај од специјалист
4. Конзилијарно мислење
5. Отпусно писмо
6.
7.

Дијагноза ........................................................................................................ |_|_|_|_|_|_|_|

Мислење на избраниот лекар ...........................................................................................

..........................................................................................................................................................

Во ............................ на __________ 20__ година МП Потпис и факсимил на избраниот лекар

____________________________

Формат: А4

**ФЗОМ**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Образец на барање Р4

# БАРАЊЕ

## за надомест (рефундација на средства) за ортопедски и други помагала

Од осигуреникот ______________________________ (за член на семејство ______________________________) од населено место______________ ул.______________________________бр._______ телефон ____________________.

| | |
|---|---|
| Број на здравствена легитимација | |
| ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот | |
| ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот) | |
| Вработен во/осигурен преку | |
| Број на трансакциска сметка | |

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба ______________, врз основа на приложената документација кон барањето, да ми ги надомести средствата потрошени за набавени ортопедски и други помагала од Списокот на ортопедски и други помагала.

Кон барањето ја приложувам следната документација:

1. Потврда за потреба од ортопедско помагало (соодветна за помагалото), заверена во Подрачната служба во која е осигурен осигуреникот носител на осигурувањето
2. Фискална сметка или фактура (во оригинал) со доказ за плаќање за набавениот материјал; и
3. Копие од потписен картон (или платежна картичка) на трансакциската сметка на барателот.

Место и датум на поднесување: ______________________

Подносител на барањето: ______________________

Македонија 66, 1000 Скопје • Тел: 080033222 • e-mail: info@fzo.org.mk

www.fzo.org.mk

Службен весник на Република Македонија

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА PE OFFICIAL GAZETTE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622

2012079